Влада на Република Северна Македонија
Комисија за организации со статус од јавен интерес

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Komisioni për organizata me status të interesit publik

Арх. број/ Num. ark.:
Датум/Data: .2024

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, мај 2024 година


Комисија за организации со статус од јавен интерес
Влада на Република Северна Македонија

Komisioni për organizata me status tëinteresitpublik

Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk

## 1. Вовед

Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и „Сл.весник на РСМ“ бр.239/2022), во Глава XI го дефинира статусот на организациите од јавен интерес, при што во член 79 став 1 пропишува дека статусот на организациите од јавен интерес го определува Владата, по предлог на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес е составена од претседател и десет члена, од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Агенцијата за млади и спорт, како и двајца претставници од организации регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, а избрани по пат на оглас. Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години. Членовите не добиваат финансиски надомест за работата во Комисијата.

Начинот на изборот на Комисијата е пропишан во Правилникот за начинот и критериумите за избор, како и причините за престанок на вршењето на работата на претседателот и членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.142/10).

Комисијата за организации со статус од јавен интерес, согласно членот 80 став 1 од Законот за здруженија и фондации е надлежна да: дава предлози за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес; разгледува и дава мислења по деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес; предлага поведување прекршочна постапка и го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година. Годишниот извештај Комисијата го објавува на својата веб страница.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес за прв пат е формирана во 2012 година. Постојниот состав на Комисијата е утврден од Владата на Република Северна Македонија со Решение за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр. 15-1228/3 од 14.3.2023 година[1] („Службен весник на РМ“, бр.61/23), Решение за разрешување од должноста

[1]Согласно Решението за именување претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ“ бр.61/23) Комисијата ја сочинуваат: претседателот Марија Митевска од Министерството за финансии и членовите: Агим Шаќири од Министерство за образовани и наука, Санела Хасиќ од Министерство за правда, Љубица Панова од Министерство за труд и социјална политика, Ирина Ставрева од Министерство за култура, Сашо Секуловски од Министерство за животна средина и просторно планирање, Сузана Најкова од Министерство за локална самоуправа, Дејан Николовски од Министерство за здравство, Гордана Цекова од Агенција за млади и спорт, Драганчо Георгиев од Здружение на Роми АВЕНА Кочани и Дејан Стојановиќ од Здружение на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО Скопје. Со Решението за разрешување од должноста член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РСМ“ бр.87/23) разрешена е Сузана Најкова од Министерството за локална самоуправа, на нејзино барање. Со Решението за именување на член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РСМ“ бр.112/23) за член на Комисијата именуван е Звонко Зафироски од Министерството за локална самоуправа. Со Решението за разрешување и именување на членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РСМ“ бр.162/23) разрешени се Санела Хасиќ и Сашо Секуловски, а за членови на Комисијата именувани се Никола Бабановски од Министерството за правда и Југослав Јовановиќ од Министерството за животна средина и

член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.15-3584/3 од 11.04.2023 година („Службен весник на РСМ" бр.87/23), Решение за именување на член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.15-3584/5 од 23.05.2023 година („Службен весник на РСМ" бр.112/23), Решение за разрешување и именување членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.15-3584/8 од 25.07.2023 година („Службен весник на РСМ" бр.162/23) и Решение за разрешување и именување членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр.15-3584/11 од 31.10.2023 година („Службен весник на РСМ" бр.236/23), врз основа на добиени номинации од ресорните министерства и пријавите за кандидати од редовите на здруженијата и фондациите, по Оглас за избор на два члена во Комисијата од организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, објавен на 15.06.2023 година, 27.06.2023 година и 13.09.2023 година.

Во текот на своето работење, Комисијата за организации со статус од јавен интерес ги донесе сите потребни акти за успешно извршување на своите надлежности (Деловник за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, Образец на Барање за добивање статус на организација од јавен интерес и Листа на потребни документи за добивање статус на организација од јавен интерес), а воедно воспостави и своја веб страница, како посебен дел од веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk.

Согласно член 81 од Законот за здруженија и фондации, административно-техничките работи на Комисијата ги врши Генералниот секретаријат на Владата–Одделение за соработка со невладини организации.

## 2. Активности на Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2022 година

Комисијата за организации со статус од јавен интерес во текот на 2023 година одржа две седници.

Првата седница на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, беше одржана на 8 јуни 2023 година. На седницата, Комисијата го разгледа Деловникот за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес бр. 30-12/2 од 23.08.2018 година, при што констатира дека истиот треба да остане во сила. На седницата беше разгледан и едногласно усвоен Извештајот за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2022 година. Извештајот за работата на Комисијата за организации со статус од јавен интерес беше разгледан како материјал за информирање на 181-та седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 29.08.2023 година.

На истата седница, Комисијата го разгледа Деловниот и Финансискиот извештај за 2021 година, на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии-УМПАКИ Скопје и оцени дека истиот е подготвен согласно член 85 и 87 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и „Сл.весник на РСМ" бр.239/2022) и Правилникот за образецот за

---

просторно планирање. Со Решението за разрешување и именување на членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес („Службен весник на РСМ" бр.236/23) разрешени се Ирина Ставрева и Јогослав Јовановиќ, а за членови на Комисијата се именувани м-р Кристијан Јорданов од Министерството за култура и Ибрахим Ризвани од Министерството за животна средина и просторно планирање.

формата и содржината на Деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес и едногласно утврди позитивно мислење. Владата на Република Северна Македонија го разгледа и го усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2021 година на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии-УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес, на 186 – та седница одржана на 26.09.2023 година.

Комисијата ги разгледа Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година и Деловниот и финансискиот извештај за 2021 година, на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово-Пласница, при што констатира дека Деловните извештаи не ги содржат сите потребни податоци согласно Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ" бр. 18/11) , односно дека веб страницата на здружението е нефункционална, поради што е потребно да се подготви допис со укажување здружението да прикаже дека деловниот и финансискиот извештај за 2020 година и 2021 година се објавени на веб страницата на здружението, а согласно со член 85 и 87 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и „Сл.весник на РСМ" бр.239/2022). Дописот до организацијата е заведен под бр.21-10/1 од 26.06.2023 година и бр.21-11/1 од 26.06.2023 година.

Втората седница на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, беше одржана на 29 септември 2023 година. На оваа седница, Комисијата го разгледа Деловниот и финансискиот извештај за 2022 година, на Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај не ги содржи сите потребни податоци пропишани во членот 3 под позиција под реден број 4.Транспарентност и отчетност од Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ" бр. 18/11). Воедно, во мислењето на Министерството за финансии бр.13-6331/2 од 08.06.2023 година, е наведено дека во финансискиот извештај на здружението износот наведен во позицијата за вкупни расходи за тековната година не е еднаков со збирот на поединечните износи на расходите за тековната година, поради што е заклучено до здружението да се достави барање за корекција на извештајот. Барањето за корекција на Деловниот и финансиски извештај за 2022 година, беше доставено до Унијата на македонски професионални асоцијации во креативните индустрии УМПАКИ Скопје со допис бр.21-2/4 од 19.10.2023 година.

На истата седница, Комисијата за организации со статус од јавен интерес го разгледа Деловниот и финансиски извештај за 2022 година, на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО - Скопје, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај не е објавен веб сајтот на организацијата и дека истиот не ги содржи сите потребни податоци пропишани во членот 3, позиција под реден број 1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес, под позиција под реден број 3. Резиме на програмата за работа и под позиција 4.Транспарентност и отчетност од Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес ( „Службен весник на РМ бр.18/11).

Исто така, во однос на финансискиот извештај доставен од страна на организацијата, Комисијата констатираше дека согласно мислењето на Министерството за финансии бр.13-6332/2 од 08.06.2023 година, потребно е организацијата да достави дополнително произнесување. Барањето за корекција на Деловниот и финансиски извештај за 2022 година, беше доставено до Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО - Скопје со допис бр.21-3/4 од 19.10.2023 година.

На седницата, Комисијата за организации со статус од јавен интерес го разгледа и Деловниот и финансискиот извештај за 2022 година, на Песталоззи Фондација детско село од Троген Швајцарија подружница во Скопје, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај не ги содржат сите потребни податоци согласно членот 3 под позиција под реден број 1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес, под позиција под реден број 3. Резиме на програмата за работа и под позиција 4. Транспарентнот и отчетност од Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес („Службен весник на РМ бр.18/11), како и потврда дека деловниот и финансискиот извештај се објавени на веб страницата на фондацијата на македонски јазик и информација дека ревизијата е извршена и извештајот на независниот ревизор (на македонски јазик), е објавен на веб страницата на фондацијата.

Исто така, Комисијата констатираше дека е потребно да се направи усогласување на податоците за буџетот на организацијата кои се наведени во деловниот и финансискиот извештај за 2022 година. Барањето за корекција на Деловниот и финансиски извештај за 2022 година, беше доставено до Песталоззи Фондација детско село од Троген Швајцарија подружница во Скопје со допис бр.21-4/4 од 19.10.2023 година.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес го разгледа и Деловниот и финансискиот извештај за 2022 година, на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Скопје, со статус на организација од јавен интерес и утврди дека Деловниот и финансискиот извештај ги содржи сите потребни податоци согласно Правилникот за образецот за формата и содржината на деловниот и финансискиот извештај за здруженијата и фондациите со статус од јавен интерес. Комисијата констатираше дека буџетот на здружението е над 100.000 евра, во денарска противвредност според средниот курс на НБРМ поради што здружението е должно да изврши ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, а согласно со член 86 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и „Сл.весник на РСМ" бр.239/2022). Барањето за доставување на ревизорски извештај беше доставено до Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Скопје со допис бр. 21-5/4 од 19.10.2023 година.

На истата седница, Комисијата за организации со статус од јавен интерес го разгледа и Деловниот и финансискиот извештај за 2022 година, на Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно-истражувачки активности - Фондација ПЕКСИМ Скопје, со статус на организација од јавен интерес и констатира дека поради тоа што во Деловниот извештај на организацијата е наведено дека вкупниот буџет е 63.622.00 денари, потребно е организацијата да достави извод од сметководствената евиденција за да може да се утврди вкупната вредност на имотот на здружението, а имајќи го во вид членот 75 став 1 алинеја 6 од


Комисија за организации со статус од јавен интерес
Влада на Република Северна Македонија

Komisioni për organizata me status tëinteresitpublik

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk

Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и „Сл.весник на РСМ“ бр.239/2022). Барањето за дополнување на Деловниот извештај за 2022 година, е доставено до Непрофитната организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно-истражувачки активности - Фондација ПЕКСИМ Скопје со допис бр.21-6/4 од 19.10.2023 година.

На седницата Комисијата за организации со статус од јавен интерес расправаше и за статусот на постапување по укажувањата во однос на Деловниот и финансискиот извештај за 2020 година и 2021 година, на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово-Пласница и констатираше дека здружението не постапува согласно член 87 од Законот за здруженија и фондации каде е наведено дека извештаите на организациите од членовите 85 и 86 се јавни и се објавуваат на веб страницата на организацијата со статус од јавен интерес до 30 април во тековната година за претходната. Во контекст на наведеното, Комисијата заклучи дека е потребно да побара мислење од Министерството за правда во однос на одредбите за поведување на прекршочна постапка, а во врска со член 87 и 99 и 101 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ бр. 52/2010; 135/2011; 55/2016 и „Сл.весник на РСМ“ бр.239/2022) , како и член 132 од Законот за прекршоци („Службен весник на РСМ“ бр.27/19).

Разгледувањето на Деловниот и финансискиот извештај за 2022 година, на Здружението Фонд за подобра иднина на Пласница и Преглово - Пласница беше одложено поради тоа што не беше добиено мислење од надлежната институција по однос на истиот.

## 3. Заклучни согледувања

Комисијата за организации со статус од јавен интерес ги извршува своите надлежности согласно Законот за здруженија и фондации и Деловникот за работа на Комисијата и истата има функционална веб страница, како посебен дел на веб страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk.

Од првиот состав на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од 2012 година до крајот на 2023 година, поднесени се вкупно единаесет барања од здруженија и фондации за добивање статус на организација од јавен интерес, а на предлог на Комисијата, Владата донесе осум решенија за добивање статус на организација од јавен интерес (едно решение во 2013 година, три решенија во 2017 година, едно решение во 2019 година и три во 2022 години), две решенија со кои се одбива барањето за добивање статус на организација од јавен интерес (едно во 2012 година и едно во 2018 година), еден заклучок за запирање на постапката (во 2012 година) и едно решение за престанок на статусот на организација од јавен интерес (во 2020 година). Во 2018 година една од организациите со статус од јавен интерес како правен субјект престанала да постои, а со тоа го изгуби и статусот на организација од јавен интерес.

На 16.3.2022 година министерот за правда донесе Решение за формирање на Работна група[2] за изработка на Закон за изменување и дополнување на Законот за

[2] Составена од претставници на Министерството за правда, Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии и претставници на граѓанските организации (Фондација Отворено општество Македонија Скопје, Македонски центар за меѓународна соработка Скопје,

здруженија и фондации, во рамки на која се прави анализа на функционалните модели за стекнување со статус од јавен интерес и потребата од задржување на Глава XI во Законот за здруженија и фондации.

---

Здружение Рурална коалиција Куманово, Македонско здружение за заштита при работа Скопје и Здружение на алумнисти на програмата СВТ Алумни Скопје.



Комисија за организации со статус од јавен интерес
Влада на Република Северна Македонија

Komisioni për organizata me status tëinteresitpublik

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk